# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 8, година XLVI**
**Вторник, 16.06.2015**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/1
16.06.2015 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 6-а од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11 и 51/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

### О Д Л У К А
### за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА.

**Член 2**

Во Одлуката за утврдување на интерес за основање на акционерско друштво за вршење дејност спорт („Службен гласник на Општината Битола“ бр.11/14 и 14/14) се менува членот 1, став 2 кој ќе гласи:

„Основач на акционерското друштво ќе биде Општината Битола со 100% капитал“;

Се менува членот 5, кој ќе гласи:

„Основната главнина на Друштвото ќе биде 25.000,оо евра во денарска противвредност“; и се менува членот 9, став 4 кој ќе гласи:

„Како овластен претставник од Советот на Општина Битола кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на друштвото за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА, наместо членот на Советот Пеце Милевски се именува Леонида Чолаковски, исто така член на Советот на Општина Битола“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/3
15.06.2015 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54

од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на Општ акт за село Кравари и утврдување на услови за начинот на градење во село Кравари, Општина Битола, за кое нема урбанистички план

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на Општ акт за село Кравари и утврдување на услови за начинот на градење во село Кравари, Општина Битола, за кое нема урбанистички план, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 199 и 44/15), член 22 и 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на РМ“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седница одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Општ акт за село Кравари и утврдување на услови за начинот на градење во село Кравари, Општина Битола, за кое нема урбанистички план

### Член 1

Општиот акт за село Кравари се изготвува согласно Годишната програма за изработување и донесување на Општи акти за села на подрачјето на Општина Битола за 2014 година, донесена од Советот на општината („Службен гласник на Општината Битола бр. 07-08/9 од 20.05.2014 година).

### Член 2

Предлог - Одлуката е одобрена од Комисијата за одобрување на Предлог - одлука за Општ Акт за село Кравари, Општина Битола, назначена со решение бр. 08-1700/14 од 26.12.2014 година од Градоначалникот на Општина Битола и за истата е добиена Согласност од Министерството за транспорт и врски со бр. 24-8347/2 од 05.06.2015 год.

### Член 3

Предлог Одлуката за Општ акт за село Кравари е изготвена од правното лице ТД „ГЕНИКО“. доо, Прилеп, кое поседува лиценца согласно член 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

### Член 4

Општиот акт за село содржи текстуален дел - Предлог Одлука, нумерички дел - табеларен приказ на планираните содржини издвоени по површина и намена на земјиштето и графички прилози:

- Сообраќајно поврзување со поширокото опкружување ----------------- 1: 50 000
- Извод од претходно изготвена планска документација --------------- 1: 2 500
- Споредбен приказ на планските опфати (стар и нов) ------------------------- 1: 2 500
- Архивски оргинал на дигатилизирани катастарски планови -------- 1: 2 500
- Намена на површини на земјиштето ------------------------------------------------1: 2 500

### Член 5

Графичкиот прилог од општиот акт е изработен на заверени дигитализирани архивски оригинали на дигитализирани катастарски планови. во М=1:2500.

### Член 6

Со Одлуката за Општ акт за село Кравари се утврдува граница на плански опфат на село Кравари со вкупна површина од 116,000 ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на сите 70 прекршни точки.

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

| т. бр. | x | y |
|---|---|---|
| **Т 01** | 532 742,65 | 538 435,00 |
| **Т 02** | 532 676,34 | 538 431,17 |
| **Т 03** | 532 670,88 | 538 512,43 |
| **Т 04** | 532 535,81 | 538 506,04 |
| **Т 05** | 532 535,67 | 538 524,30 |
| **Т 06** | 532 509,26 | 538 520,28 |
| **Т 07** | 532 485,07 | 538 564,66 |
| **Т 08** | 532 308,12 | 538 472,28 |

| | | |
|---|---|---|
| **Т 09** | 532 064,07 | 538 452,64 |
| **Т 10** | 532 063,57 | 538 460,58 |
| **Т 11** | 532 021,83 | 538 501,80 |
| **Т 12** | 532 000,48 | 538 599,08 |
| **Т 13** | 531 876,51 | 538 576,93 |
| **Т 14** | 531 870,78 | 538 739,89 |
| **Т 15** | 531 899,98 | 538 761,75 |
| **Т 16** | 531 623,29 | 538 987,80 |
| **Т 17** | 531 627,80 | 538 998,55 |
| **Т 18** | 531 725,46 | 538 993,09 |
| **Т 19** | 531 677,82 | 539 061,22 |
| **Т 20** | 531 758,66 | 539 071,66 |
| **Т 21** | 531 757,92 | 539 082,68 |
| **Т 22** | 531 861,13 | 539 101,10 |
| **Т 23** | 531 881,28 | 539 114,81 |
| **Т 24** | 531 856,25 | 539 147,00 |
| **Т 25** | 531 839,62 | 539 225,63 |
| **Т 26** | 531 857,57 | 539 233,21 |
| **Т 27** | 531 816,77 | 539 349,55 |
| **Т 28** | 531 795,63 | 539 596,24 |
| **Т 29** | 531 772,07 | 539 431,57 |
| **Т 30** | 531 664,33 | 539 401,14 |
| **Т 31** | 531 654,08 | 539 440,54 |
| **Т 32** | 531 602,10 | 539 422,89 |
| **Т 33** | 531 581,78 | 539 503,78 |
| **Т 34** | 531 551,97 | 539 564,71 |
| **Т35** | 531 528,81 | 539 541,76 |
| **Т 36** | 531 473,84 | 539 657,05 |
| **Т 37** | 531 448,20 | 539 651,95 |
| **Т 38** | 531 432,80 | 539 720,92 |
| **Т 39** | 531 387,54 | 539 708,31 |
| **Т 40** | 531 378,66 | 539 746,78 |
| **Т 41** | 531 430,19 | 539 761,25 |
| **Т 42** | 531 321,03 | 539 766,53 |
| **Т 43** | 531 397,15 | 539 790,06 |
| **Т 44** | 531 373,13 | 539 882,10 |
| **Т 45** | 531 351,19 | 539 870,89 |
| **Т 46** | 531 328,67 | 539 892,40 |
| **Т 47** | 531 303,96 | 539 883,66 |
| **Т 48** | 531 310,79 | 539 891,10 |
| **Т 49** | 531 302,02 | 539 901,14 |
| **Т 50** | 531 311, 13 | 539 928,67 |
| **Т 51** | 531 336,58 | 539 962,56 |
| **Т 52** | 531 330,99 | 539 965,98 |
| **Т 53** | 531 342,94 | 539 984,16 |
| **Т 54** | 531 536,79 | 539 863,45 |
| **Т 55** | 531 649,20 | 540 001,81 |
| **Т 56** | 531 926,50 | 539 756,95 |
| **Т 57** | 531 938,61 | 539 767,13 |
| **Т 58** | 532 624,83 | 539 111,09 |
| **Т 59** | 533 019,33 | 539 248,03 |
| **Т 60** | 533 060,62 | 538 906,33 |
| **Т 61** | 532 944,04 | 538 911,42 |
| **Т 62** | 532 946,95 | 538 888,5 |
| **Т 63** | 532 912,88 | 538 885,07 |
| **Т 64** | 532 909,33 | 538 900,76 |
| **Т 65** | 532 894,56 | 538 901,32 |
| **Т 66** | 532 891,81 | 538 950,04 |
| **Т 67** | 532 741,07 | 538 839,14 |
| **Т 68** | 532 776,41 | 538 547,72 |
| **Т 69** | 532 759,56 | 538 549,77 |
| **Т 70** | 532 746,78 | 538 540,66 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т01 до Т70, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по **x** и **y** координати.

**Член 7**

Со општиот акт се утврдуваат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поодделно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Во рамките на планскиот опфат на село Кравари се утврдени повеќе групи на класи на намена:

Група на класа на намена **А** - Домување, односно основни класи на намени:

**А0 – домување во станбени куќи со посебен режим,**

**А1 – домување во станбени куќи и**

**А3 – групно домување.**

Група на класа на намена **Б – комерцијални и деловни намени,** односно основни класи на намени:

**Б1 – мали комерцијални и деловни намени,**

**Б2 – големи трговски единици,**

**Б3 – големи угостителски единици и**

**Б4 – деловни простории.**

Група на класа на намена **В –** Јавни институции, односно основни класи на намени:

**В1 – образование и наука,**

**В2 – здравство и социјална заштита,**

**В3 – култура и**

**В4 – државни институции.**

Група на класа на намена. **Г – производство, дистрибуција и сервиси,** односно класите на намени:

**Г2 – лесна и незагадувачка индустрија,**

**Г3 – сервиси и**

**Г4 – стоваришта.**

Група на класа на намена **Д** – Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, односно основни класи на намени:

**Д2 – заштитно зеленило,**

**Д3 – спорт и рекреација и**

**Д4 – меморијални простори.**

Група на класа на намена **Е** – Инфраструктура, односно основни класи на намени:

**Е1 – комунална инфраструктура (сообраќајна и железничка)**

**Е2 – комунална супраструктура (стојалиште)**

**Член 8**

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Кравари се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Кравари се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

**Член 9**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ, се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

**Член 10**

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициент на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да преставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минималното растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 37/14).

**Член 11**

Со Предлог – Одлуката за Општ акт за село Кравари се дефинира просторната организација и условите за градење во селско–стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со Основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи - селско - стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско - стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

**Член 12**

Со Предлог - Одлуката за Општ акт за село Кравари се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби..

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможи да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена **А** - домување и **В** - јавни институции.

За објектите од останатите групи на класи на намена, доколку капацитетите на постојната инфраструктура не задоволуваат, се изработува Проект за инфраструктура.

Проект за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 13**

Општиот акт за село содржи табели со Билансни споредбени показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето - наменските зони, во однос на постојните изградени површини.

**Член 14**

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ Акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

**Член 15**

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа Одлука, по нејзиното донесување, се заверува од Градоначалникот на Општина Битола и се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат.

**Член 16**

Одредбите на оваа Одлука се применуваат до донесување на Урбанистички план за село.

**Член 17**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Нижеполе - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Нижеполе - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Нижеполе - Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот Урбанистички план за с. Нижеполе – Општина Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Дихово - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Дихово - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Дихово - Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот Урбанистички план за с. Дихово – Општина Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање Согласност за намената на инвестицијата

1. Ја објавувам Одлуката за давање Согласност за намената на инвестицијата, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на Согласност за намената на инвестицијата

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Битола дава Согласност за намена за инвестицијата со цел реализација на проектот на Урбанистички план за с. Нижеполе - Општина Битола

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање Согласност за намената на инвестицијата

1. Ја објавувам Одлуката за давање Согласност за намената на инвестицијата, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на Согласност за намената на инвестицијата

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општината Битола дава Согласност за намена за инвестицијата со цел реализација на проектот

на Урбанистички план за с. Дихово - Општина Битола

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење на простор во сопственост на општината Битола без надоместок на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на простор во сопственост на општината Битола без надоместок на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 15.06.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-748/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.06.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 21, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/2015), член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 15.06.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење на простор во сопственост на општината Битола без надоместок на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар

**Член 1**

Со оваа Одлука на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар му се дава на користење без надоместок објектот на УЗ „Коле Лачето“ на улица „Стара Партизанска“ бб, кој е во сопственост на Општината Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-429/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.06.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К Аза изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт............................................................ 1

О Д Л У К А за донесување на Општ акт за село Кравари и утврдување на услови за начинот на градење во село Кравари, Општина Битола, за кое нема урбанистички план ........................................................................ 2

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Нижеполе - Општина Битола..................................................... 5

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проектот Урбанистички план за с. Дихово - Општина Битола..................................................... 6

О Д Л У К А за давање на Согласност за намената на инвестицијата.................................... 6

О Д Л У К А за давање на Согласност за намената на инвестицијата.................................... 6

О Д Л У К А за давање на користење на простор во сопственост на општината Битола без надоместок на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар........................................................... 7

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211